**Известување – Повик до сите членови за целосно пополнување на податоците во соодветните регистри**

Почитувани,

**Ги повикуваме сите активни членови на ИСОС, при ажурирање на своите податоци во соодветните регистри  точно и во целост да ги внесуваат сите потребни податоци.**

Оние членови кои во досегашниот просец на ажурирање не извршиле целосно пополнување на податоците во соодветниот регистер, апелираме тоа да го направат веднаш или во најкраток можен рок, посебно во делот на податоците за правно лице каде се вработени.

Ваквото целосно и точно пополнување на податоците во соодветниот регистер е неопходно за да се избегнат можните пречки и недоразбирања при процесот на размена на податоците од ажурираните регистри со Централниот регистер и Управата за јавни приходи, што ќе следува наскоро, согласно законските обврски на ИСОС.

Со почит,

Управен одбор на ИСОС